Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-994/3
30.10. 2006 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ И ПРЕДМЕТИ: ДЕФЕНДОЛОГИЈА И МОДЕЛИ НА ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 04.10.2006 година не определи за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите звања во научните области и предмети: дефендологија и модели на воена организација.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на поднесениот материјал утврди дека на конкурсот, објавен во весникот „Утрински весник„ од 20.09.2006 година, се јави само еден кандидат, д-р Синиша Даскаловски, досегашен вонреден професор по предметот дефендологија.

По проучувањето на документацијата, Рецензентската комисија во состав: проф.д-р Митко Котовчевски, проф.д-р Трајан Гоцевски и проф.д-р Димитар Мирчев, има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Вонредниот професор Синиша Даскаловски е роден на 27.02.1953 година во Ниш, Р Србија. Основно училиште, средно образование и Филозофски факултет-Наставно-научна студиска група за одбрана завшил во Скопје. Како студент со ликвидирана прва година на студии и висок просек примил стипендија од РШТО (Републичкиот штаб за територијална одбрана) на Република Македонија. Во периодот од 1980 до почетокот на учебната 1988-89 година, остварувал редовен работен однос во Центарот за обука на РШТО на Р.Македонија, како наставник.

Позитивните резултати постигнати во обуката и оспособувањето на припадниците на Територијалната одбрана во Република Македонија, ќе му овозможат да добие согласност од надлежните органи на РШТО за запишување на последипломски студии на Факултетот за одбрана во Белград, каде ги положи сите испити, вклучувајќи ја и одбраната на специјалистичкиот семинар во 1987 година, со што се стекнал со правото за изработка на магистерски труд.

Со отварањето на последипломски студии по одбрана на Филозофскиот факултет во Скопје, се префрлил на Филозофскиот факултет во Скопје и го одбранил магистерскиот труд, а во 1997 година и докторската дисертација „Влијанието на социо-политичките и системски фактори на организацијата и изградбата на вооружените сили на Република Македонија,, по што се стекнал со VIII научен степен ДОКТОР ПО ОДБРАНА.

По предлог на Рецензентската комисија, формирана од Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, во учебната 1988-89 година избран е за предавач, во 1991 е преизбран во истото звање, во 1994 година е избран во виш предавач, а во 1997 година во доцент. Во 2002 година избран е за вонреден професор по предметот дефендологија, на што и денес е ангажиран.

Наставната работа на Синиша Даскаловски може да се следи од неговото вработување во Центарот за обука на РШТО, и тоа од јануари 1980 до почетокот на учебната 1988-89 година. Во тој период бил ангажиран за изведување настава и обука по предметите, безбедност и разузнавачка дејност, тактика и огнена обука. Како наставник и резервен офицер изведувал настава и обука во обласните и општинските штабови за територијална одбрана, а за потребите на Републичкиот секретаријат за одбрана и со единиците и штабовите на цивилна заштита на Републиката. Акумулираното педагошко и практично искуство ќе му користи во неговиот понатамошен развој и прифаќањетио на обврските како наставник по предметот одбрана и заштита на Катедрата за одбрана при Филозофскиот факултет во Скопје.

Во периодот од 1988-89 година е ангажиран за изведување на настава по предметот одбрана и заштита, на повеќе факултети од кои најдолго и најпостојано на Технолошко-металуршкиот и Факултетот за физичка култура. Фондот од 12 до 16 часа неделно во голема мера ќе го прокупира неговото внимание и голема посветеност на наставните содржини и студентите кои во една анкета на Технолошко-металуршкиот факултет високо ќе ја оценат работата на нивниот наставник и ќе ја истакнат потребата од изучувањето на содржините од предметот одбрана и заштита.Од 2002-2003 година до денес е ангажиран за изведување на настава по предметот дефендологија и на Филизофскиот факултет во Скопје.

Покрај редовната настава, проф.д-р Синиша Даскаловски бил ангажиран во наставата со вонредните студенти на Факултетот за физичка култура, како и на последипломските студии по Европска интеграција и комуникации на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во времето кога не бил ангажиран за подготовка и зведување настава, значајно внимание посветувал на следењето и анализа на содржини од областа на дефендологијата и посебно структурата на вооружените сили. Како производ на таквата активност ќе произлезат повеќе десетици трудови од кои по изборот за вонреден професор до денес ќе ги издвоиме следниве:

I. Книга

- „Основи на дефендологијата,, (во коавторство) учебник по предметот дефендологија, Издавач: Печатница 2-ри Август С, Штип, 2003 година.

II. Статии и прилози во научни публикации

- „Професионална рамка- Големината на резервниот состав на воената организација,, , Одбрана, Септември, 2002 година.

- „Малку но современо-Пополнување на воената организација со офанзивни борбени средства„ ,Одбрана, Ноеври, 2002 година.
- „Модерна и современа армија„ ,Одбрана, Февруари, 2003 година.
- „Оптимална големина на воената организација на Република Македонија во нови услови„ ,Одбрана„ ,Јуни, 2004 година.
- „Кризата во Македонија 2001 : Внатрешен вооружен конфликт или војна? Трудот е рецензиран и објавен во Гоишниот зборник на Филозофски факултет за 2005 година.
- „Од покана до приклучување во НАТО„ , Научна трибина на Институтот за одбранбени и мировни студии, Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2006 година.
- „Проекции на вооружените сили на Република Македонија во согласност со НАТО стандардите„ , Трудот е рецензиран и објавен во Современа македонска одбрана, Број 13, Јуни 2006 година.
- „ Меѓусебните односи и димензионирањето на видовите во војските на НАТО земјите-Состојби и перспективи„ , Трудот е рецензиран и подготвен за објавување во Годишниот зборник на Филозофскиот факултет за 2006 година.

Во извештајот ќе се задржиме само на некои од трудовите, што д-р Синиша Даскаловски ги објавил по последниот избор за вонреден професор.

Трудот „Основи на дефендологијата„ всушност е учебник по предметот дефендологија во кој д-р Даскаловски Синиша како коавтор за потребите на студентите го анализира и расветлува феноменот на конфликтите, и тоа од поимот , генезата и дефинирањето па се до нивната трансформација и разрешување. Од колективните системи за одбрана и безбедност, ЗЕУ и НАТО и тоа со посебен осврт на пероидот на студената воја, а потоа на постстуденовиот период. Во рамките на системот на одбраната на Република Македонија, најнапред се анализирани системските и социо-политичките фактори и нивното влијание врз изградбата на ВС на Република Македонија и посебно како производ на тоа влијание и оформениот модел на воената организација на Републиката со оптимални можности за одбрана. Обликувањето на моделот на воената организација на Републиката, сега веќе дополнет и продлабочен со нови содржини и сознанија преставува оригинален придонес и за научната мисла и за државните структури во чие средиште се вооружените сили.

Во трудот „Професионална рамка-Големината на резервниот состав на воената организација„ , направен е обид да врз база на анализа на димензионирањето на резервниот состав на 12 членки на НАТО, во почетокот на 21 век, се оформи рамка која ќе кореспондира на потребите и

можностита на Република Македонија за определувањето на својот резервен состав. Во трудот посебно место имаат и соседите од кои како најприфатлива е издвоена Грција. Анализата и табелите говорат за успешно изведен методолошки пристап и моќ на заклучување, посебно во однос на обликувањето на резервниот состав на вооружените сили на Република Македонија кој ќе биде компатабилен на НАТО стандардите.

Во трудот „Малку но современо-пополнување на воената организација со офанзивни борбени средства„ , како најзначајно се издвојува сознанието дека како и за сите така и за Армијата на Република Македонија е потребно да располага и со офанзивни борбени средства. Секако, концепцијата и доктрината на употреба на вооружените сили го детерминираат обемот на тие средства. Тоа значи дека круцијалното прашање е, не дали треба туку колку и какви треба да има офанзивни борбени средства Армијата на Република Македонија. Авторот, одговорот го навоѓа во анализата на ЦФЕ договорот, а резултатите ги преведува во конкретни решенија и предлози значајни за Армијата на Република Македонија.

Трудот „Модерна и современа армија„ е изработен по барање на списанието „Одбрана„ , во фаза во која според списанието, се неопходни мислењата и анализите на афирмираните стручњаци на полето на одбраната, во настојувањата да се создаде мала, но модерна и професионална армија во Република Македонија. Моделот на воената организација кој го нуди авторот д-р Даскаловски Синиша е оригинален и преставува сега веќе дополнет и продлабочен со нови содржини кои го следат современиот тренд на промени кај факторите кои го детерминираат моделот. Крајно, резултатите од истражувањето се преточени во предлози и решенија за квантитативното и квалитативно структуирање на воената организација на Републиката, што укажува на неговото теоретско, практично и апликативно значење за одбранбениот систем и посебно воената организација на Република македонија.

Во трудот „Кризата во Македонија 2001: Внатрешен вооружен конфликт или војна?„ , авторот, д-р Даскаловски Синиша поставува неколку суштински доктринарни и концепциски прашања и дава, мошне квалификувани и аргументирани докази и размислувања. Трудот е изготвен со многу професионалност, стручност и користење со изворите на научно-стручната апаратура. Тој има своја теза и своја верификација. Сметаме дека се работи за труд кој преставува значаен придонес на нашата дефендолошка анализа на кризата 2001 година кај нас, но и пошироко.

Трудот „Од покана до приклучување во НАТО„ , дава значаен придонес во утврдувањето на состојбите на група фактори кои овозможуваат добивање на статус на поканета членка во Северноатланскиот сојуз, и тоа непосредно пред и по добивањето на поканата за членство во Алијансата. Анализирани се земјите од првата и втората рунада на преговори за членство

во Алијанста. Како значаен придонес на авторот во овој труд ги издвојуваме согледбите и сознанијата од анализата на земјите кои се приклучија кон НАТО во постудeновиот период, преточени во предлози и решенија за потребите на нашата земја која е аспирант за полноправно членство во Алијанста.

„Проекции на вооружените сили на Република Македонија во согласност со НАТО стандардите, е труд во кој авторот на еден авторски табак го елаборира развојот на вооружените сили на членките на НАТО. При тоа посебно внимание посветува на ново примените земји членки на Алијансата, и тоа оние кои според големината на населението, но и некои други параметри се со карактеристики најблиску до Република Македонија. Методите и техниките на истражување кои се користени , говорат за успешно изведен методолошки пристап и моќ на заклучување, посебно во однос на состојбите со активниот дел и резервниот состав кај Алијансата и оттука оформената проекција на вооружените сили на Република Македонија. Анализата е следена со извесни критички опсервации за обликувањето на воената организација во Република Македонија од страна на официјалните државни институции.

Освен редовната настава и горе споменатата научна и стручна дејност, д-р Синиша Даскаловски врши и други активности. Во текот на 1999 година на покана од преставник на Министерството за одбрана на Р.Македонија остварува значајни контакти и соработка со американски виши офицери членови на МПРИ тимот во рамките на Програмата за стабилност и одвраќање. Исто така на покана од преседателот на Форумот за меѓународни односи учествува во трибините во чие средиште беа односите на Републиката со НАТО. Во 2000-та на покана од Преседателот на Републиката, Министерството за одбрана и Филозофскиот факултет учествува со дискусија и прилог кон расправата за изработка на стратегијата за одбрана, согласно новите определби во Програмата на Р.Македонија за асоцирање во НАТО. Во учебната 2000-01 година учествува во изработката на планот и програмата и целосно ги реализира предвидените наставни содржини и по предметот Конфликтите, мирот и меѓународнитеорганизации во Европа на последипломски студии по Европска интеграција и комуникација. Исто така, бил и во состав на комисијата за полагање на предметот Европска безбедност на последипломски студии за Европска интеграција и комуникација. При крајот на 2001 година на покана од новоформираниот Центар за безбедносна политика учествува во расправата на тема: Македонската јавност за односите на Р. Македонија и НАТО и улогата на мисиите на НАТО во Р. Македонија и настапува со прилог кон расправата. Во 2002-03-та година најмногу вниманите посветува на подготовките и изработка на дел од содржините за учебникот по предметот дефендологија. Како значаен ангажман во овој период се издвојува изработката на предметната програма по дефендологија за Филозофскиот факултет во Скопје и тоа според ЕКТС. Истата програма

со мали дополнувања од кои последното поради усогласување на критериумите за оценување на универзитетско ниво ја реализира како предметен наставник и денес. Како значаен последниве две години се издвојува и ангажманот на д-р Синиша Даскаловски , со дискусија и посебно изработен труд на научната трибина организирана од Институтот за одбранбени и мировни студии, како и изработката на содржините за Катедрата за дефендологија а во врска со Монографијата на Филозофскиот факултет во Скопје.

Освен редовната настава и горе споменатата научна и стручна дејност, д-р Синиша Даскаловски врши и други активности. Повеќе пати е биран за раководител на Катедрата за дефендологија, од кои по изборот за вонреден професор двапати, и тоа во првиот мандат од 2002-2004 и во вториот мандат од 01.10.2005 година, трае и денес. Несомнено е дека, опстојувањето на Катедрата за дефендологија, особено во последниве неколку години е врзано за името на д-р Синиша Даскаловски, кој и денес вложува многу време и енергија трансформацијата и интеграцијата како на Катедрата така и на предметот да се изврши на најоптимален начин.

Врз основа на сето ова, можеме да констатираме дека, несомнено станува збор за стучњак во областа на дефендологијата и посебно воената организација,вреден и истраен истражувач во сферата на одбраната, кој со својата професионалност стручност и овладеаност со научната апаратура, дава значаен придонес во афирмацијата и развојот на оваа област. Тој, во периодот од последниот избор до денес, поставува неколку суштински доктринарни и концепциски прашања и дава мошне квалификувани и аргументирани докази и размислувања, со што ја дополнува и продлабочува нашата дефендолошка анализа и посебно воена организација.

Покрај тоа со својата наставна и педагошка дејност на Технолошко-металуршкиот, Факултетот за Физичка култура и Филозофскиот факултет, го оформуваат мозаикот на целината која ни дава за право со особено задоволство и чест да му предложиме на Наставно-научниоот совет на Филозофски факултет, да го избере д-р Синиша Даскаловски во редовен професор, по предметите дефендологија и модели на воена организација.

Рецензентска комисија

Скопје, Октоври, 2006 г.

Проф. д-р Митко Котовчевски

Проф. д-р Трајан Гоцевски

Проф. д-р Димитар Мирчев

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-994/06
22.01 2007 год.
Скопје

Врз основа на член 75, 133, 141 и 142 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 906/228 од 1. XI 2006 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата X редовна седница, одржана на 10. I 2007 година, донесе

# О Д Л У К А
за избор на наставник

I

**1. Д-р Синиша Даскаловски** , вонреден професор по предметот дефендологија на Катедрата за дефендологија на Филозофскиот факултет во Скопје, се и з б и р а во звањето **редовен професор** за научните области : Дефендологија и Модели на воена организација, за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

**2.** Со извршениот избор именуваниот-ата засновува работен однос за времето на кое е избран-а, сметано од 11. I 2007 година.

II

Со именуваниот-ата ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на : именуваниот-ата, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски